ОКТА

SZQ-553-002_v01

Бр.0201- 1588/17-6
16.05.2017

Врз основа на член 25 став 1 точка 3 и член 43 од Статутот на ОКТА и член 344 став 1,3,4 и 5, член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва, како и предлог-Одлуката бр.0202-1019/17-7 од 23.03.2017 година донесена од страна на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, Годишното Генерално Собрание на акционери на ОКТА АД – Скопје на својот 27-ми состанок одржан на 16.05.2017 година ја донесе следната

ОДЛУКА
за избор на член на Одборот на директори

Член 1
Разгледувајќи го предлогот даден од мнозинскиот акционер ЕЛ.П.ЕТ Балканики С.А. за избор на член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје,

1. Андреас Триантопоулос

се избира за член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, за мандатен период од 6 (шест) години почнувајќи од 16.05.2017 година.

Член 2
Според вообичаената пракса, за секој состанок ќе бидат платени патните трошоци и трошоците за сместување за неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори. Ова продолжува да важи согласно претходната одлука.

Дополнително, неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори ќе примат надоместок еднаш годишно во нето износ од 5.000 (петилјади) евра, според искажаната желба на главниот акционер. Никаква друга компензација над тој износ нема да биде дадена.

Член 3
Се овластува Адвокатската канцеларија Кимова да поднесе соодветна пријава во трговскиот регистар.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,

Рафинерија на нафта ОКТА Скопје 0 Акционерско друштво